# ЕЛЕКТРОНСКО БАНКАРСТВО

### Како да активирам електронско банкарство?

Силк Роуд Банка електронското банкарство можете да го активирате на следниот линк: https://silkroad.24x7.com.mk/Retail/Account/Login.Потребно е да го пополните и испратите формуларот со сите Ваши податоци и податоци за картичката. Следно, добивате електронска порака со инструкции за активација на профилот. При притискање на линкот за активација, се отвора нов прозорец каде го пишувате Вашето корисничко име кое ќе Ви служи во иднина за најава.

### Ја заборавив лозинката за електронското банкарство, како да ја променам?

Доколку ја заборавивте или сакате да ја промените лозинката за најава, потребно е да го пополните и испратите формуларот со сите Ваши податоци и податоци за картичката достапен на следниот линк: https://secure.24x7.com.mk/enrollment_silkroad/mk-MK/Retail/ResetAccount . Потоа добивате електронска порака за активација на профилот на Вашиот е-маил. При притискање на линкот за активација, се отвора нов прозорец каде го пишува Вашето корисничко име кое ќе Ви служи во иднина за најава. Следно што треба да направите е да ја внесете новата лозинка.

### Кои трансакции можам да ги реализирам преку електронското банкарство?

Преку електронското банкарство можете да ги реализирате следниве банкарски трансакции:

1.Увид во состојбата и прометот на Вашите сметки, картички, депозити и кредити во секое време
2. Добивање на електронски извод
3. Конверзија од една во друга валута
4. Можност за разни плаќања кон физички и правни лица во земјата
5. Можност за разни плаќања кон физички и правни лица во странство
6. Можност за плаќање на обврски за кредитни картички и кредити

### Порано добивав код на СМС порака за реализација/верификација на плаќањето, сега не добив, како да платам?

Плаќањата на електронското и мобилно банкарство се верификуваат со внес на еднократни ОТП лозинки. За да генерирате ОТП лозинка потребно е да ја преземете мобилната апликација од Google Play Store или App Store, да се најавите на истата и во

менито да одберете и кликнете на „Генерирај ОТП“. Вашата 6 цифрена ОТП лозинка внесете ја во налогот за да го реализирате плаќањето.

### Немам картичка од Силк Роуд Банка. Дали може и како може да активирам електронско банкарство?

Доколку не сте корисник на платежна картичка издадена од Силк Роуд Банка, потребно е да се обратите во најблиската експозитура на Силк Роуд Банка и да поднесете барање за активација на електронско банкарство. Согласно поднесеното барање, во експозитурата ќе Ви дадат *Апликација за електронско банкарство* во која се наведени Вашето корисничко име и активациски код. Податоците од Апликацијата *за електронско банкарство* потребно е да ги внесете во полето активација на корисник на најавната страна на Силк Роуд Банка електронското банкарство.

### Дали отпечатен извод од електронско банкарство може да биде приложен како доказ за состојбата на мојата сметка?

Испечатениот извод од електронско банкарство, Силк Роуд Банка го смета како официјален документ кој што можете да го приложите како доказ за Вашата состојба на сметка или пак преглед на трансакции.

## МОБИЛНО БАНКАРСТВО

### Како да активирам Силк Роуд м-Банка мобилно банкарство?

Силк Роуд м-Банка апликацијата за мобилно банкарство можете да ја преземете на Google Play и App Store и самостојно да ја активирате со внесување на Вашите лични податоци и податоците од Вашата картичка. Исто така, Силк Роуд м-Банка апликацијата можете да ја активирате и во најблиската експозитура на Банката.

### Активирав сметка на Силк Роуд Банка м-Банка мобилното банкарство, како да се најавам?

Силк Роуд м-Банка мобилното банкарство нуди можност за најава со 4-цифрен ПИН код кој што вие сами можете да го изберете, најава со отпечаток од прст („fingerprintID“) или со биометрија („faceID“) во зависност од типот на вашиот мобилен уред.

### Колкава е разликата во провизиите за плаќање на налози преку Силк Роуд м-Банка во споредба со провизиите за плаќање на налози во експозитура?

Трошоците за електронските налози извршени преку Силк Роуд м-Банка мобилното банкарство се до **60% пониски** од трошоците за налозите извршени во експозитура.

### Во странство сум и ме интересира дали можам да ги реализирам плаќањата и да имам увид на состојбата на мојата сметка?

Без разлика во која држава се наоѓате можете самостојно да ги реализирате Вашите банкарски трансакции во денарскот платен промет преку Силк Роуд м-Банка мобилното банкарство. Потребно е само да имате интернет конекција и да имате активирано опција со можност за плаќање.

### Сакам да префрлам средства на сметка во странство, дали таа опција ми е овозможена преку Силк Роуд м-Банка?

Со Силк Роуд м-Банка апликацијата имате можност да ги реализирате трансакциите во платниот промет во земјата, но и трансакциите во платниот промет со странство. Доколку сакате да префрлите средства на сметка во странство истото е овозможено преку функционалноста девизно плаќање.